ДС СМИТХ
-АД- Скопје
Бр. 03-5592
28.10. 2019 год.

# ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ

од одржаното Годишно Собрание на акционери на
Друштво за производство на хартија и амбалажа ДС СМИТХ АД Скопје
одржано на ден 10.10.2019 година, во просториите на Друштвото
со почеток во 11:00 часот

Врз основа на член 391-б од Законот за трговските друштва, ставови 4, 5 и 6, во прилог ги објавуваме поставените прашања од акционерите и соодветните одговори од менаџментот на Друштвото:

**Под точка 1 од II. Работен дел од Дневен ред – Разгледување и усвојување на Годишната сметка, финансиските извештаи на Друштвото за период од 01.01.2018 – 31.12.2018 година и Годишниот извештај за работата на Друштвото за 2018 година**

**Прашање:** Акционерот Душан Јевремовски од Скопје побара одговор за тоа кои се причините за загубите во претходната година.
**Одговор:** Загубата од работењето на Друштвото во текот на 2018 година е поврзана со инвестиција во траење од два месеци, поточно Друштвото планирано го стопираше производството во делот на "Велпап" со цел промена на сушниот дел каде што се произведува брановидната лепенка. Деловите се успешно инсталирани и со истите Друштвото реализира подобар готов производ со зголемена ефикасност за околу 30%. За задржување на конкурентноста на пазарот, неопходно е обновување на машините и следење на новите технологии. Со цел да се услужат и задржат клиентите на Друштвото за време на планираниот застој, купени се плочи и нивниот транспорт е извршен од другите земји каде што ДС СМИТХ Групацијата има свои фабрики.

**Прашање:** Акционерот Душан Јевремовски од Скопје побара одговор на тоа дали Управниот одбор направил програма за анулирање на загубата од претходната година.
**Одговор:** Управниот одбор направи програма за анулирање на загубата од работењето на Друштвото во 2018 година, која е составен дел од буџетот на Друштвото за 2019 година.

**Прашање:** Акционерот Душан Јевремовски од Скопје побара одговор на тоа зошто е направено зголемување на залихите на суровини на крајот на 2018 година од 50% во однос на крајот на 2017 година и дали некој е земен на одговорност поради тоа.
**Одговор:** Хартијата како суровина е берзанска стока и како таква е подложна на промена на цените во зависност од движењето на цените на светската берза. Во текот на 2018 година, цените на хартијата како суровина континуирано растеа и од тие причини, за да се намали негативниот импакт од истото, како и да се

задржи конкуретноста на пазарот, дојде до зголемување на залихите на суровини на крајот на 2018 година.

**Прашање:** Акционерот Душан Јевремовски од Скопје побара одговор на тоа дали зделките со заинтересирани страни се во согласност со ISO стандардите, со прибирање на неколку понуди и дали тие зделки се направени во законска процедура.
**Одговор:** Зделките со заинтересирани страни се направени согласно Политиките и Процедурите на ДС СМИТХ Групацијата. Набавката на основните суровини на Друштвото се врши преку сектор за централна набавка на ниво на ДС СМИТХ Групацијата, која врз основа на Групни договори заради количини и обем на набавка, обезбедува најдобри цени, согласно пазарната ситуација во моментот на набавката. Исто така се бираат членките на ДС СМИТХ Групацијата кои се во регионот и се најблиски, со што трошоците за превоз се најниски. Набавка се врши и од други домашни и странски правни субјекти кои не се дел од ДС СМИТХ Групацијата.

**Прашање:** Акционерот Душан Јевремовски од Скопје побара одговор на тоа кое друштво го прави осигурувањето на имотот, кој имот се осигурува, на кој износ и по која цена.
**Одговор:** ДС СМИТХ Групацијата на глобално ниво има осигурителна полиса за сите нејзини фабрики и погони, во кои влегува и нашата фабрика. Под осигурителната полиса се опфатени целиот наш имот, односно сите згради, машини, опрема и недвижен имот. За истиот секоја година во контола доаѓа FM Global со нивните агенти за оигурување и проценка на ризик. Врз основа на глобалната полиса, Триглав Осигурување Македонија како продолжена рака на FM Global изработува фронтинг полиса за осигурување на годишно ниво која го опфаќа периодот од Фискалната година со важност од 01.05-30.04.

**Прашање:** Акционерот Душан Јевремовски од Скопје наведе дека Друштвото има и кредити за кои се плаќаат и камати према мнозинскиот акционер и постави прашање дали се земаат провизии за тоа.
**Одговор:** Банките наплаќаат провизија за исплатата на каматите како и за секоја друга банкарска девизна трансакција.

**Прашање:** Акционерот Душан Јевремовски од Скопје побара извештај за дневниците кои се исплаќаат за службени патувања и за цените на ноќевањата.
**Одговор:** Во текот на 2018 година исплатени се дневници и ноќевања за следните вработени во Друштвото за нивните патувања во странство:

| Име и Презиме | Износ на дневници во денари | Износ на ноќевања во денари |
|---|---|---|
| Мирослав Арсовски | 12,823 | 18,010 |

| | | |
|---|---|---|
| Александар Шкакарев | 4,612 | 7,380 |
| Александар Додевски | 4,612 | 2,044 |
| Александра Трпковска | 10,147 | 1,926 |
| Аријан Салиу | 133,383 | 167,526 |
| Даниела Димитриевска | 15,551 | 30,493 |
| Дарко Несторовски | 40,549 | 62,445 |
| Дарко Пислевски | 9,839 | 16,443 |
| Драган Јордановски | 2,275 | - |
| Елена Зарковска | 5,782 | 5,659 |
| Ѓокица Стојановски | 35,568 | 45,148 |
| Горанче Димитриевски | 10,147 | 1,926 |
| Ирина Паневска | 16,328 | 21,330 |
| Јасминка Џурковска | 4,612 | 7,380 |
| Дарко Калчев | 43,316 | 62,387 |
| Љуба Томова | 26,079 | 28,046 |
| Марија Ангелковска | 5,781 | 11,130 |
| Марјан Јовановски | 19,986 | 18,369 |
| Марјан Милојевиќ | 7,565 | 13,041 |
| Милан Ковачев | 7,349 | 3,074 |
| Милован Арсовски | 8,742 | 3,080 |
| Митко Трајковски | 28,803 | 20,516 |
| Небојша Петковски | 8,695 | 12,424 |
| Новица Василевски | 48,985 | 52,751 |
| Олгица Блажева | 73,231 | 165,329 |
| Петар Перишиќ | 10,147 | 1,926 |
| Сефедин Елмази | 110,424 | 134,885 |
| Стеван Вељковиќ | 10,147 | 1,926 |
| Тихомир Бејатовиќ | 34,227 | 42,525 |
| Виолета Вукелиќ | 53,643 | 89,862 |
| Влатко Мицевски | 6,826 | 6,457 |
| Сашо Златковски | 5,052 | 3,080 |

**Изработено на ден 28.10.2019 година од Управен одбор**

**Олгица Блажева, Претседател на Управен одбор**

---------------------------

Друштво за производство

ДС СМИТХ

-АД- Скопје

**Дарко Калчев, Член на Управен одбор**

---------------------------